ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Република Северна Македонија
Општина Велес
Број: 26-4944/2
30.10.2025 година

Врз основа на член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ бр.101/19) а во врска со член 88 од Законот за општа управна постапка(Сл.весник на РМ бр.124/15), имателот на информации Општина Велес, постапувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.26-4944/1 од 21.10.2025 година, поднесено од барателот [redacted] со адреса на ул [redacted] го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

**I.** Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со бр.26-4944/1 од 21.10.2025 година, поднесено од барателот [redacted], со кое се бара информација од јавен карактер:

- „ Дали општината има во своја сопственост деловни простории кои ги изнајмува и доколку одговорот е потврден да и се испрати листа на достапни деловни простории и цена по која се изнајмуваат“, и истите да му се достават на барателот во електронска форма, **СЕ УСВОЈУВА.**

**II.** Се известува барателот [redacted] дека Општина Велес има деловни простории во сопственост на неколку локации во градот и тоа: - во зграда на ул.„8-ми Септември“бр.86, кои се дел од недвижниот објект-поранешен т.н.„Синдикат“,- во зграда на ул.Димитар Влахов во Велес, поранешен хотел Вила Зора и –деловни простории на Градски пазар во сопственост на Општина Велес.

Давањето на закуп на деловните простории се врши преку Јавна објава каде е дадена почетна цена за закуп на електронско јавно наддавање, согласно Законот за располагање со ствари во државна сопственост и со ствари во општинска сопственост со електронско јавно наддавање преку Комисијата за недвижни и движни ствари со претходно дадена објава во електронскиот систем **Е-ствари** на Општина Велес.

Во моментот активни објави за давање на простории под закуп нема.

### Образложение

Барателот [redacted] до имателот на информации Општина Велес, поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.26-4944/1 од 21.10.2025 година, со кое побара да му се достави информација дали општината има во своја сопственост деловни простории кои ги изнајмува и доколку одговорот е потврден да и се испрати листа на достапни деловни простории и цена по која се изнајмуваат“, и истите да му се достават на барателот во електронска форма.

Општина Велес / Municipality of Veles
Street: „Panko Brashnar“ No. 1
1400 Veles, North Macedonia
Tel/fax: ++389 43 232 966
e-mail: opve@veles.gov.mk
www.veles.gov.mk

Службените лица за посредување со информации од јавен карактер кај имателот на информации Општина Велес, постапија по горенаведеното барање за добивање на информација од јавен карактер во законски определениот рок согласно член 3, став 1, алинеја 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ бр.101/19), и констатираа дека бараните информации се од јавен карактер па се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука:** Против ова Решение незадоволната странка може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од приемот на Решението.

За Општина Велес службени лица за посредување
со информации од јавен карактер

Марија Цилакова
Даниела Саздова
Фросина Маџарова

Доставено до
-барателот;
-списи и архива.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*